T..

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Арх. бр. :Дата:

Бар код:

# Договор Бр.

## За користење на понудата Фамилијарен буџет

Склучен на: дд.нн.гг со важност до дд.нн.гг

Помеѓу:

Име презиме на корисник
Адреса на корисник
ЕМБГ
Петплатнички код
(понатаму: Претплатник) и

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13-ти Ноември број 6, 1000 Скопје
(понатаму:Оператор)

Член 1 Со склучувањето на овој Договор, на Претплатникот му се овозможува буџет во износ од XX.XXX денари со вклучен ДДВ за купување на опрема, достапна со понудата од актуелниот Ценовник на Операторот. Бројот на мобилните телефонски линии за кои се овозможува буџетот во моментот на склучување на овој Договор изнесува 2.

Со склучување на овој Договор Претплатникот се согласува на минимална месечна обврска во износ од X.XXX денари со ДДВ за целото времетраење на овој Договор.

Минимална месечна обврска во смисла на овој Договор претставува збир од месечните надоместоци за мобилните пост пејд претплатнички линии со ДДВ за кои важи понудата, согласно актуелниот Ценовник на Операторот.

Член 2 Во текот на важноста на овој Договор, Претплатникот е должен активно да ги користи Пост Пејд услугите на Операторот согласно избраниот тарифен модел за кој има склучено Стандарден претплатнички договор со Операторот.

Претплатлатникот има право на миграција во различни тарифни модели за кои важи понудата без наплата на договорна казна во рамките на прифатената минимална месечна обврска.

Доколку овој Договор се склучи за времетраење на одредена промоција на Операторот, поволностите од промоцијата стануваат достапни со потпишување на овој Анекс, а во согласност со описот и условите објавени во актуелниот Ценовник достапен на официјалната веб страница на Операторот ( www.telekom.mk).

На Претплатникот ќе му биде овозможено склучување на Анекс пред истекот на времетраењето на овој Договор во случај на доделување на дополнителен буџет за кој треба да се дефинира нов износ на минимална месечна обврска.

Член 3 Времетраењето на важноста на овој Договор изнесува 24 месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

При тоа Претплатникот за времетраењето на овој Договор нема право да склучува Анекс кон договор за користење на погодностите на понудата за Доверба на постојните или нови претплатнички линии.

Веќе склучените Анекси за користење на погодностите на понудата за Доверба за секоја од претплатничките линии кои за времетраењето на овој Договор ќе се приклучат кон истиот, ќе се сметаат за раскинати.

Буџетот за купување на нови мобилни телефонски апарати и друга опрема ќе биде намален за износот на договорните казни кои може да произлезат од раскинувањето на постојните Анекси кон договор за користење на погодностите на понудата за Доверба, заради потпишување на овој Договор.

Член 4 Доколку Претплатникот го раскине овој Договор пред истекот на утврдениот рок, или доколку Операторот биде принуден предвремено да го раскине договорниот однос согласно условите наведени во Стандардниот претплатнички договор, Претплатникот е обврзан да плати договорна казна во висина од X.XXX денари која ќе биде намалена за износ пропорционален на периодот во кој Претплатникот ги користел активно услугите наспроти периодот на вкупна важност на овој Договор.

Договорната казна се наплатува врз основа на издадена фактура.

Доколку минималната месечна обврска се намали под договорениот минимум дефиниран во член 1 од овој Договор, Операторот има право во наредната месечна сметка да изврши надополнување до минималната месечна обврска, фактурирајќи ја разликата помеѓу прифатената минималната месечна обврска и фактички реализираниот износ за месечни надоместоци за мобилните пост пејд линии дел од понудата.

Член 5 На околности кои не се регулирани во овој Договор ќе се применуваат соодветно одредбите на склучениот Стандарден претплатнички договор и Општите услови за склучување претплатнички договор на Операторот.

Член 6 Евентуалните спорови помеѓу договорните страни кои произлегуваат од овој Договор ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд во Скопје.

Член 7 Овој Договор е потпишан во 2 (два) еднакви примерока, по 1 (еден) примерок за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Македонски Телеком АД - Скопје | Потписник |
| м.п.________________ | м.п.________________ |